# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.95 од 07.11.2005 година**

**Член 1**

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004 и 61/2004), во членот 18 по точката 26 се додава нова точка 26-а, која гласи:
"26-а) идентификациона исправа за барател на право на азил."

**Член 2**

Во членот 20 по зборот "катастарот" се додаваат зборовите: "на недвижностите и премерот и катастарот".

**Член 3**

Во членот 22-а став 2 по зборот "наплатата" се додаваат зборовите: "или во готови пари".

**Член 4**

Во членот 37 во Тарифата на административните такси, се вршат следниве изменувања и дополнувања:
"1. Во тарифниот број 5 во точката 1 бројот "30" се заменува со бројот "60", во точката 2 зборовите: "5 евра" се заменуваат со зборовите: "10 евра", а бројот "10" се заменува со бројот "15" и во точката 3 бројот "10" се заменува со бројот "20".

2. Во тарифниот број 6 во точката 1 потточка а) бројот "150" се заменува со бројот "300", во потточката б) бројот "150" се заменува со бројот "500" и во потточката в) бројот "50" се заменува со бројот "150".
Во точката 2 потточка а) бројот "900" се заменува со бројот "2.000", во потточката б) бројот "450" се заменува со бројот "1.000", во потточката в) бројот "150" се заменува со бројот "1.000", во потточката г) бројот "150" се заменува со бројот "500", во потточката ѓ) бројот "240" се заменува со бројот "800" и во потточката е) бројот "80" се заменува со бројот "200".
3. Во тарифниот број 7 во точката 1 потточка а) зборовите: "помлади од 27 години" се заменуваат со зборовите: "од 4 до 27 години".
Потточката в) се менува и гласи:
"в) за издавање на патна исправа на деца до 4 годишна возраст"

Во точката 2 потточка и) по зборот "странци"се додаваат зборовите: "и патна исправа за признаен бегалец", а бројот "14" се заменува со бројот "20", во потточка ј) бројот "10" се заменува со бројот "15".
По потточката ј) се додаваат две нови потточки к) и л), кои гласат:
"к) лична карта за признаен бегалец 15
л) лична карта за лица под хуманитарна заштита 15"
4. Во тарифниот број 8 точка 1 потточка а) бројот"50" се заменува со бројот "600", во потточката б) бројот "20" се заменува со бројот "300" и во потточката в) бројот "20" се заменува со бројот "300".
Во точката 2 потточка а) бројот "8" се заменува со бројот "15", во потточката б) бројот "6" се заменува со бројот "15" и во потточката в) бројот "6" се заменува со бројот "10".
5. Во тарифниот број 9 точката 1 се менува и гласи:
" 1. За дозвола за оружје 300"
Во точката 2 бројот "300" се заменува со бројот "1.000" По точката 2 се додаваат девет нови точки, кои гласат:
3) За дозвола за носење на оружје 700
4) За издавање на одобрение за набавување на оружје, главни делови и муниција 200
5) За издавање на одобрение за пренесување на спортско оружје 100
6) За издавање на одобрение за производство и поправка на оружје и муниција 1.000
7) За издавање на одобрение за основање на цивилни стрелишта 1.000
8) За издавање на одобрение за набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија 600
9) За издавање на одобрение за носење на ловечко оружје на странци за време на лов во Република Македонија 200
10) За издавање на потврда за поседување на оружје 200
11) За издавање на одобрение за внесување на оружје од Дипломатско-конзуларно претставништво 30"
6. Во тарифниот број 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"За дозвола за работа на правно лице за вршење на дејност обезбедување на имоти и лица 1.000"
7. Во тарифниот број 13 ставот 2 се менува и гласи: „За издавање на лиценца за вршење на одделни видови на превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, и тоа:
1) за општински линиски превоз на патници 6.000
2) за меѓуопштински линиски превоз на патници 8.000
3) за слободен превоз на патници 6.000
4) за превоз на патници за сопствени потреби 4.000
5) за авто такси превоз на патници 3.000
6) за јавен превоз на стоки 6.000
7) за превоз на стоки за сопствени потреби 4.000
8) за меѓународен линиски превоз на патници 14.000
9) за меѓународен слободен превоз на патници 14.000
10) за меѓународен превоз на патници за сопствени потреби 4.000
11) за меѓународен јавен превоз на стоки 14.000
12) за меѓународен превоз на стоки за сопствени потреби 4.000

13) сертификат за возач за учество во меѓународниот превоз на патници и стоки 5.000

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"За издавање на дозвола за меѓуопштински линиски превоз на патници по примерок 3.000."

Во ставот 3 кој станува став 4 зборот "меѓумесен" се заменува со зборот "меѓу - општински".

Ставовите 4, 5, 6 и 7 стануваат ставови 5, 6, 7 и 8.

Во ставот 8 кој станува став 9 зборовите: "или постојан" се бришат, по зборот "прекин" се додаваат зборовите: "или трајно запирање" и зборот "меѓумесен" се заменува со зборот "меѓу општински".

8. Тарифниот број 14 се менува и гласи:

„за издавање на дозвола на домашен и странски превозник за вршење на слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и тоа:

- за дозвола за едно патување 50
- за дозвола за повеќе патувања 100 "

9. Во тарифниот број 16 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: „за издавање на ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник по секоја дозвола 6.000

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„За издавање уверение за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи 400"

10. Тарифниот број 28-а се менува и гласи:

"За дејствија и акти што се преземаат пред Комисијата за заштита на конкуренцијата:

- барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 5.000
- решение за одобрување на барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 5.000
- барање за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 1.000
- решение за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 1.000
- известување за концентрација 6.000
- решение со кое по барање на странка се утврдува дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на законот 5.000
- решение со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите на законот 30.000
- барање за изземање од суспензија на концентрација 5.000
- решение со кое се одобрува барањето за изземање од суспензија на концентрација 5.000
- решение со кое се утврдува дека концентрацијата не е во согласност со одредбите на законот 5.000
- барање за увид во списи на предмет пред Комисијата 300
- барање да се изврши препис или фотокопија на списи од предмет пред Комисијата 300".

11. Тарифниот број 30 се менува и гласи:
" 1) за решение за дозволи и согласности 600
2) за издавање на копии од решенија и согласности 600
3) за заверка на Сертификат за краен корисник 1.100
4) за решение за распределен дел на стоки на утврдена царинска квота 600"
12. Тарифниот број 30-а се брише.
13. По тарифниот број 31 се додава нов тарифен број 31-а, кој гласи:
"Тарифен број 31-а
1) за издавање на решение за добивање на лиценца А, лиценца Б и лиценца В за вршење на туристичка дејност 300
2) за издавање на решение за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор 300".
14. Во Тарифниот број 56 став 1 точките а) и б) се менуваат и гласат:
"а) за целосна промена на насловната страна на постоечки или за отворање на нов имотен лист или нов поседовен имот, како и за измени на кои било од индикационите податоци на насловната страна на имотниот лист или на поседовниот лист, од секој поединечен случај 60
б) за пренос на цели катастарски парцели од еден имотен лист или од поседовен лист во друг, за секоја парцела 40".
15. Во Тарифниот број 59 ставот 1 се менува и гласи:
"За препис од имотниот лист или од поседовниот лист и други делови од катастарскиот операт или за изводи од нив се плаќа такса од 50".
16. Во тарифните броеви 64, 67 и 69 точка 3) зборот "Хотели" се заменува со зборовите: "Деловни и станбено деловни објекти и хотели,", во точката 4) по зборот "гробишта" се додаваат зборовите: "и отворени депонии за складирање на цврст отпад и други објекти во функција на заштита на животната средина", во точката 6) по зборот "истите" се додава зборот "жичари" и по зборот "горива" се додаваат зборовите: "телекомуникациски објекти (објекти и постројки за поштенски, телефонски, телеграфски и мобилен сообраќај, постројки за радио и ТВ врски и информативни системи)" .
17. Тарифниот број 71 се менува и гласи:
"За поднесување на царинска декларација 150
Забелешка:
(1) Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари или во таксени вредносници (административни таксени марки).
(2) Таксата од овој тарифен број се плаќа за секое поднесување на царинска декларација, вклучувајќи и декларации за поедноставени постапки.
(3) Таксата од овој тарифен број се плаќа и за поднесување на дополнителна царинска декларација.
(4) Таксата од овој тарифен број се плаќа и за поднесување на царинска декларација со користење на техника на електронска обработка на податоци .
(5) Таксата од овој тарифен број не се плаќа:
1) за транзитна царинска декларација;

2) за документи пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царинска декларација пропишана со националните прописи (на пример ТИР карнет, АТА карнет и слично);
3) за усно поднесена царинска декларација или на било кој друг начин;
4) за декларации ЦН22 (С1) и ЦН3 (С2/СР3) во поштенскиот сообраќај;
5) за царинска декларација за привремен увоз или за пуштање на стока во слободен промет, на стока која согласно со меѓународните, односно меѓудржавните договори е ослободена од плаќање на царина."
18. Тарифниот број 72 се менува и гласи:
" За одобренија кои ги издава царинскиот орган се плаќа:
1) за отворање на царински склад 60.000
2) за одобрување на која било царинска постапка со економски ефект со општо одобрение, вклучувајќи и одобрување на преработка на стока во царински склад според постапката на преработка под царинска контрола или според постапката на увоз за облагородување 30.000
3) за одобрување на поедноставување на формалностите во транзитната постапка, за одобрување на поедноставена постапка на декларирање или постапка на локално царинење како и за одобрување на поедноставување во врска со докажувањето на потеклото на стоката 30.000
4) за одобрување на употреба на техника на електронска обработка на податоците 30.000
5) за користење на истоветна стока во постапката на увоз за облагородување, за користење на стандарден систем на замена во постапката на извоз за облагородување 6.000
6) за спроведување на вообичаените форми на ракување во царинскиот склад, за складирање на домашната стока во царинскиот склад, за пренесување на стоката од еден царински склад во друг, како и за привремено изнесување на стоката од царинскиот склад 3.000
7) за пренесување на правата и обврските од едно на друго лице кои произлегуваат од царинската постапка со економски ефект 6.000
8) за други одобренија и решенија кои ги носи царинскиот орган 500
9) за издавање на одобрение во форма на службена белешка на царинската декларација 300
Забелешка:
(1) Таксата од точката 1 од овој тарифен број се плаќа и за одобрение за отворање на места за привремено чување на стока и за отворање на слободна царинска продавница.
(2) Ако царинскиот орган издаде одобрение за некоја од постапките со економски ефект за поединечен увоз, односно извоз на стока која се увезува односно извезува со една царинска декларација, за одобрението се плаќа такса според точката 9 од овој тарифен број.
(3) За одобрение со кое претходно издаденото одобрение се менува или дополнува, обновува (продолжува рок), се плаќа такса во износ од 50% од соодветната такса одредена во овој тарифен број.
(4) За одобрение со кое се поништува претходно издаденото одобрение, доколку се издава на барање на таксениот обврзник - имателот на

одобрението, се плаќа такса во износ од 10% од таксата, одредена во овој тарифен број.
(5) Таксата од точката 4 од овој тарифен број се плаќа за одобрение со кое се одобрува поднесување на царински декларации со користење на техника за електронска размена на податоците како и за одобрение со кое се одобрува електронската размена на одделни податоци поврзани со водењето на царинските постапки. "
19. Тарифниот број 73 се менува и гласи:
"За потврди издадени од страна на царинскиот орган :
1) за издавање на Уверение за движење ЕУР. 1 150
2) за издавање на задолжителна тарифна информација и задолжителна информација за задолжително потекло 300
3) за потврда за плаќање на давачки во случај долгот да се пресмета врз основа на усно поднесена царинска декларација, како и за потврда за истоветност при извозот на стоката наменета за повторен увоз освен за поедноставена потврда за истоветност на стоката во
патничкиот сообраќај 200
4) за издавање на одобрение за користење на возила и контејнери за превоз на стока согласно со спогодбата ТИР 300
Забелешка:
(1) Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари или во таксени вредносници (административни таксени марки).
(2) За потврда или одобрение со кои првично издадената потврда односно одобрение се менува или дополнува се наплаќа такса во износ од 50% одредена во овој тарифен број."
20. Тарифниот број 74 се менува и гласи:
"1) за одобрување на предложената форма на водење на евиденции за стоката во слободната економска зона или слободен склад 30.000
2) за издавање на решение за вршење на царински надзор во слободната економска зона или слободен склад или одобрение за градење или адаптација во слободната зона 20.000
Забелешка:
За одобрување на каква било промена или дополнување на предложената форма на водење на евиденции се плаќа такса во износ од 50% одредена во овој тарифен број."
21. Тарифниот број 75 се менува и гласи:
"За донесување на одлука за враќање на гаранција за обезбедување на плаќање на царинскиот долг од овој тарифен број се плаќа, само ако враќањето или делумното враќање на гаранцијата обврзникот за такси го побарал пред истекот на важноста на гаранцијата 2000".
22. Тарифниот број 76 се брише.
23. По тарифниот број 88 точка 9 во насловот зборовите: "заштитениот географски назив" се заменуваат со зборовите: "ознака на потеклото на производот и географската ознака", а по зборот "кола" се додаваат зборовите: "и такси за застапници".
24. Во тарифниот број 89 став 1 и точка 5) зборовите: "заштитениот географски назив" се заменуваат со зборовите: "ознака на потеклото на производот и географската ознака"; во точката 2) алинеја 2 по зборот

"следен" се додаваат зборовите: "од серијата по"; во точката 4) сврзникот "и" се заменува со зборот "односно"; во точката 6) зборот "барање" се заменува со зборот "пријава" и зборовите "Мадридски аранжман" се заменуваат со зборовите: "Мадридски договор и Мадридски протокол"; во точката 7 зборовите: "барање за" се бришат и во точката 8) зборовите: "признавање на правото" се заменуваат со зборот "регистрација".
Во точката 1 од забелешката зборовите: "самостојни уметници" се бришат.
Точката 2 од забелешката се менува и гласи:
"2. Лицата од ставот 1 на оваа забелешка потребно е при поднесувањето на барањето за плаќање на таксата во намален износ да достават соодветен доказ за својот статус согласно со закон и друг пропис."
25. Во тарифниот број 90 воведната реченица на ставот 1 се менува и гласи: "За одржување на правото на патент на име годишна такса, и тоа:"
Ставот 2 се брише.
Во точката 2 од забелешката зборовите: "пријавата, односно од" се бришат. Точката 4 од забелешката се брише.
26. Тарифниот број 91 се менува и гласи:
"За барање за издавање на дополнителен сертификат за заштита на медицински
производи или дополнителен сертификат за заштита на производи за заштита на растенија 5.000".
27. Тарифниот број 92 се менува и гласи:
"За одржување на правото од издаден дополнителен сертификат за заштита на медицински производи или дополнителен сертификат за заштита на производи за заштита на растенија

| | |
|---|---|
| 1) за првата година на важност | 10.000 |
| 2) за втората година на важност | 15.000 |
| 3) за третата година на важност | 20.000 |
| 4) за четвртата година на важност | 25.000 |
| 5) за петтата година на важност | 30.000 |

Забелешка:
1. Важат одредбите на ставовите 2 и 3 од забелешката кон Тарифниот број 90."
28. Тарифниот број 93 се менува и гласи:
"За барање за продолжување на важењето на индустрискиот дизајн, трговската марка и право на користење на ознака на потекло на производот и географската ознака 300"
29. Тарифниот број 94 се менува и гласи:
"За одржување на важењето на индустрискиот дизајн, трговската марка, правото на користење на ознака на потекло на производот или географска ознака и топографијата на интегрални кола, и тоа:
1) за одржување во важност на индустрискиот дизајн за секој период од пет години, и тоа:

| | |
|---|---|
| - за првиот индустриски дизајн | 2.000 |
| - за вториот и секој следен од серијата по | 800 |

2) за одржување во важноста на трговска марка за секој период од десет години, ако:

- списокот на стоки и услуги опфаќа до три класи на меѓународната класификација на производи и услуги 4.000
- списокот на стоки и услуги опфаќа повеќе од три класи на меѓународната класификација на производи и услуги, за секоја нова уште по 1.000
3) за одржување во важност на колективна марка односно сертификатна марка за секој период од десет години, ако:
- списокот на стоки и услуги опфаќа до три класи на меѓународната класификација на производи и услуги 6.000
- списокот на стоки и услуги опфаќа повеќе од три класи на меѓународната класификација на производи и услуги, за секоја натамошна уште по 1.200
4) за правото на користење на ознака на потекло на производот или географска ознака:
- за секој период од пет години 4.000
5) за топографијата на интегрални кола 8.000
Забелешка:
1. Ако таксата не се плати во определениот рок може да се плати во рок од три месеци од денот на истекот на тој рок со наплата на редовната такса зголемена од 25%, а може да се плати и во продолжен рок до шест месеца од денот на истекот на дополнителниот рок од три месеца и тоа во двоен износ."
30. Тарифниот број 95 се менува и гласи: "За упис во регистарот на застапници
- за физички лица 4.000
- за правни лица 8.000"
31. Тарифниот број 96 се менува и гласи:
"Годишна такса за обнова во регистарот на застапници 6.000"
32. Тарифниот број 97 се менува и гласи:
"За потврди за податоците во врска со пријавени или признаени права од индустриска сопственост и од регистарот за застапници 500"
33. Тарифниот број 98 се менува и гласи:
"За уверение за право на првенство 550"
34. Тарифниот број 99 се менува и гласи:
"За предлог за враќање во поранешна состојба 1.000"
35. Тарифниот број 100 се менува и гласи:
"За барање за продолжување на рокот што се определува во текот на постапката по пријава за признавање на право од индустриска сопственост 500"
36. Тарифниот број 101 се менува и гласи:
"За барање за престанување на важењето на патент и трговска марка во случај на некористење, или за предлог за огласување за ништовно решение за признавање на право од индустриска сопственост, или за барање за укинување на решението за признавање на правото за користење на заштитениот географски назив 3.000"
37. Тарифниот број 102 се менува и гласи:

"За барање за упис на пренос на право или лиценца за патент, индустриски дизајн, трговска марка или топографија на интегрални кола во регистрите на пријавени или признаени права 500"

38. Тарифниот број 103 се менува и гласи:

"За барање за впишување на промена во регистрите на пријавено или признаено право од индустриска сопственост и регистарот на застапници 300"

39. Тарифниот број 104 се менува и гласи:

"За барање пријавата за патент, индустриски дизајн и трговска марка да се земе во постапка преку ред 3.000"

40. Тарифниот број 105 се менува и гласи: "За барање:

1) за поделба на предметот на пријавата на патент, за секоја ново настаната пријава 800

2) за поделба на пријавата на трговска марка, на две или повеќе пријави, за секоја ново настаната пријава 600

3) за поделба на пријавата на индустриски дизајн на две или повеќе пријави, за секоја новонастаната пријава 500"

41. Тарифниот број 106 се менува и гласи:

"За приговор на објавена пријава за трговска марка и индустриски дизајн 1.500"

42. Тарифниот број 107 се брише.

43. Во тарифниот број 114 точката 7 се брише.

Точката 8 станува точка 7.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".